**2011155032**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.10.2011 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНАТА МЕРКА СОГЛАСНО СО ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ 2011/376/ЗНБП ОД 27 ЈУНИ 2011 ГОДИНА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОДЛУКАТА 2010/656/ЗНБП ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ ПРОТИВ БРЕГОТ НА СЛОНОВАТА КОСКА

### Член 1

Со оваа одлука се воведува рестрктивната мерка согласно со Одлуката на Советот 2011/376/ЗНБП од 27 јуни 2011 година за имплементација на Одлуката 2010/656/ЗНБП за обновување на рестриктивните мерки против Брегот на Слоновата Коска.

### Член 2

Оваа одлука се однесува на измена на листата на лица и субјекти предмет на рестриктивни мерки утврдени во Анексот II од Одлуката на Советот 2010/656/ЗНБП од која листа се бришат субјектите наведени во Анексот на предметната одлука.

### Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерството за економија, Министерството за финансии и Управата за спречување перење на пари и финансирање на тероризам за надлежни органи за спроведување на рестриктивната мерка.

### Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивната мерка.

### Член 5

Спроведувањето на рестриктивната мерка се врши на начин утврден со Одлуката на Советот 2011/376/ЗНБП од 27 јуни 2011 година за имплементација на Одлуката 2010/656/ЗНБП за обновување на рестриктивните мерки против Брегот на Слоновата Коска.

## Член 6

Одлуката на Советот 2011/376/ЗНБП од 27 јуни 2011 година за имплементација на Одлуката 2010/656/ЗНБП за обновување на рестриктивните мерки против Брегот на Слоновата Коска, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

## Член 7

Рестриктивната мерка се воведува на неопределено време.

## Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-5954/1
25 октомври 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

28.6.2011 EN Official Journal of the European Union L 168/11

# COUNCIL IMPLEMENTING DECISION 2011/376/CFSP

## of 27 June 2011

## implementing Decision 2010/656/CFSP renewing the restrictive measures against Côte d'Ivoire

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to Council Decision 2010/656/CFSP of 29 October 2010 renewing the restrictive measures against Côte d'Ivoire [1], and in particular Article 6(2) thereof, in conjunction with Article 31(2) of the Treaty on European Union,

Whereas:

(1) On 29 October 2010, the Council adopted Decision 2010/656/CFSP.

(2) In view of the developments in Côte d'Ivoire, the list of persons and entities subject to restrictive measures set out in Annex II to Decision 2010/656/CFSP should be amended,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

The entities listed in the Annex to this Decision shall be deleted from the list set out in Annex II to Decision 2010/656/CFSP.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the date of its adoption.

Done at Brussels, 27 June 2011.

*For the Council*

*The President*

MARTONYI J.

[1] OJ L 285, 30.10.2010, p. 28.

*ANNEX*

**Entities referred to in Article 1**

| | |
|---|---|
| 1. | APROCANCI (Côte d'Ivoire Association of Natural Rubber Producers) |
| 2. | SOGEPE (National Electricity Management) |
| 3. | RTI (Ivorian Radio and Television) |

**ОДЛУКА на Советот 2011/376/ЗНБП**

**од 27 јуни 2011 година**

**за имплементација на Одлуката 2010/656/ЗНБП за обновување на рестриктивните мерки против Брегот на Слоновата Коска**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

Имајќи ја предвид Одлуката на Советот 2010/656/ЗНБП од 29 октомври 2010 година за обновување на рестриктивните мерки против Брегот на Слоновата Коска[1] особено членот 6(2) од него, во врска со член 31(2) од Договорот за Европската унија,

со оглед на тоа што:

(1) На 29 октомври 2010 година, Советот ја донесе Одлуката 2010/656/ЗНБП.

(2) Со оглед на состојбата на Брегот на Слоновата Коска, листата со лица и субјекти предмет на рестриктивни мерки кои се дадени во Анекс II од Одлуката 2010/656/ЗНБП, треба да се измени.

ЈА ДОНЕСЕ СЛЕДНАТА ОДЛУКА:

*Член 1*

Лицата наведени во Анексот на оваа одлука треба да се избришат од листата утврдена во Анекс II од Одлуката 2010/656/ЗНБП.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

Брисел, 27 јуни 2011 година.

*За Советот*

*Претседателот*

Џ. МАРТОЊИ

[1] Сл. весник L 285, 30.10.2010 г., стр. 28.

АНЕКС

Субјекти наведени во член 1

1. APROCANCI (Асоцијација за производство на природна гума во Брегот на Слоновата Коска.
2. SEGEPE ( Национална Управа за електрична енергија)
3. RTI (Радио телевизија на Слоновата Коска)